# Соопштение до граѓаните - наплата на заостанат даночен долг

Written by Живко Каликов
Friday, 10 May 2013 07:01

There are no translations available.

Одделението за финансирање, буџет и администрирање со даноци при Општина Пехчево, овие денови интензивно работи на наплатата на даночните долгови.

**Даночните обврзници се замолуваат да си го подмират заостанатиот даночен долг за да ги избегнат трошоците за камата, во спротивно ќе се соочат со присилна наплата на истиот.**

Превземени се активности околу присилна наплата на данокот на имот и комуналната такса. Се изготвуваат опомени за ненаплатена комунална такса за истакната фирма на правни лица, по што ќе почне и фазата на дистрибуција.

Општината со јасна порака до граѓаните, да ги почитуваат овие обврски и колку повеќе граѓаните ќе ги исполнат своите должности, толку општината ќе има средства за проектите во полза на граѓаните.